- Математичка анализа - изборен предмет ПМ-А подрачје 5,00 во IV-5 клас
- Физика - изборен предмет ПМ-А подрачје 5,00 во IV-5 клас
- Хемија - изборен предмет ПМ-Б подрачје 5,00 во IV-5 клас
- Биологија - изборен предмет ПМ-А подрачје 5,00 во IV-5 клас
- Спорт и спортски активности 5,00 во IV-5 клас
- Учење преку работа кај работодавач 5,00 во IV-6 и IV-7 клас
- Логика 5,00 во IV-7 клас
- Спорт и спортски активности 4,96 во IV-3 и IV-4 клас.

**По паралелки најнизок просечен успех има по предметот:**

- Француски јазик (втор странски јазик) 3,00 во IV-2 клас
- Германски јазик (втор странски јазик) 3,33 во IV-1 клас
- Англиски јазик (втор странски јазик) 3,35 во IV-7
- Германски јазик (втор странски јазик) 3,35 во IV-2 клас.

**На ниво на четврта година по предмети највисок просечен успех има по предметите:**

- Филозофија – изборен предмет 5,00 во ОХ-Б подрачје
- Хемија – изборен предмет 5,00 во ПМ-Б подрачје
- Биологија – изборен предмет 5,00 во ПМ-Б подрачје
- Учење преку работа кај работодавач 5,00.

**На ниво на четврта година по предмети најнизок просечен успех има по предметите:**

- Математика за економисти 3,82
- Историја – изборен предмет 3,89 во ОХ-А подрачје.

## 3. Редовност на учениците

На ниво на година најмногу изостаноци имаат учениците од IV - четврта година 9 260, потоа учениците од II - втора година 8 379, па учениците од III - трета година 8 037 и најмалку имаат учениците од I - прва година 6 600 изостаноци.

Табела 1. Изостаноци по години на крајот на учебната 2023/2024 година

| Изостаноци | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Број | Просеч.број |
| **Оправдани** | 6 409 | 7 779 | 7 554 | 8 671 | **30 413** | **51,11** |
| **Неоправдани** | 191 | 600 | 483 | 589 | **1 863** | **3,13** |
| **Вкупно** | **6 600** | **8 379** | **8 037** | **9 260** | **32 276** | **54,24** |

### 3.1 Споредба на изостаноците на крајот на учебните 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година

Табела 1. Вкупно изостаноци по години

| Година | 2021/2022 година (631 ученици) | 2022/2023 година (588 ученици) | 2023/2024 година (595 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 3627 ; 25,91 | 6329 ; 43,35 | 6600 ; 42,04 |
| **II** - втора | 5741 ; 36,57 | 6871 ; 49,08 | 8379 ; 57,39 |
| **III** - трета | 4145 ; 27,63 | 8629 ; 56,77 | 8037 ; 57,82 |
| **IV** - четврта | 7408 ; 40,26 | 6686 ; 44,57 | 9260 ; 60,52 |
| **Вкупно** | **20 921 ; 33,16** | **28 515 ; 48,49** | **32 276 ; 54,24** |

На ниво на година најголем број на вкупно изостаноци имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку вкупно изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најмногу изостаноци имаат учениците од II-2 клас, просечен број 95,12, а најмалку имаат учениците од I-5 клас, просечен број 30,79.

Табела 2. Оправдани изостаноци по години

| Година | 2021/2022 година (631 ученици) | 2022/2023 година (588 ученици) | 2023/2024 година (595 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 3368 ; 24,06 | 6074 ; 41,60 | 6409 ; 40,82 |
| **II** - втора | 5452 ; 34,73 | 6255 ; 44,68 | 7779 ; 53,28 |
| **III** - трета | 3935 ; 26,23 | 8136 ; 53,53 | 7554 ; 54,35 |
| **IV** - четврта | 7014 ; 38,12 | 6360 ; 42,40 | 8671 ; 56,67 |
| **Вкупно** | **19 769 ; 31,33** | **26 825 ; 45,62** | **30 413 ; 51,11** |

На ниво на година најмногу оправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од IV (четврта) година, а најмалку оправдани изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најголем број оправдани изостаноци имаат учениците од II-2 клас, просечен број 89,00, а најмал број оправдани изостаноци имаат учениците од I-5 клас, просечен број 30,67.

Табела 3. Неоправдани изостаноци по години

| Година | 2021/2022 година (631 ученици) | 2022/2023 година (588 ученици) | 2023/2024 година (595 ученици) |
|---|---|---|---|
| **I** - прва | 259 ; 1,85 | 255 ; 1,75 | 191 ; 1,22 |
| **II** - втора | 289 ; 1,84 | 616 ; 4,40 | 600 ; 4,11 |
| **III** - трета | 210 ; 1,40 | 493 ; 3,25 | 483 ; 3,47 |
| **IV** - четврта | 394 ; 2,14 | 326 ; 2,17 | 589 ; 3,85 |
| **Вкупно** | **1 152 ; 1,83** | **1 690 ; 2,87** | **1 863 ; 3,13** |

На ниво на година најмногу неоправдани изостаноци на крајот на годината имаат учениците од II (втора) година, а најмалку неоправдани изостаноци имаат учениците од I (прва) година.

На ниво на паралелки најголем број неоправдани изостаноци имаат учениците од II-6 клас, просечен број 6,60, а најмал број, односно просечен број 0,13 неоправдани изостаноци имаат учениците од I-5 клас.

Табела 4. Просечен број на изостаноци по години и паралелки

| **Клас** | **Просечен број изостаноци** | **Клас** | **Просечен број изостаноци** | **Клас** | **Просечен број изостаноци** | **Клас** | **Просечен број изостаноци** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 33,08 | **II-1** | 72,72 | **III-1** | 52,76 | **IV-1** | 66,43 |
| **I-2** | 47,36 | **II-2** | **95,12** | **III-2** | 64,91 | **IV-2** | 52,68 |
| **I-3** | 40,00 | **II-3** | **36,09** | **III-3** | 46,95 | **IV-3** | **76,15** |
| **I-4** | **47,79** | **II-4** | 56,17 | **III-4** | 43,37 | **IV-4** | 56,33 |
| **I-5** | **30,79** | **II-5** | 48,58 | **III-5** | **43,32** | **IV-5** | **47,00** |
| **I-6** | 46,71 | **II-6** | 58,57 | **III-6** | 72,68 | **IV-6** | 60,00 |
| **I-7** | 41,47 | **II-7** | 39,44 | **III-7** | **87,08** | **IV-7** | 59,59 |
| | **42,04** | | **57,39** | | **57,82** | | **60,52** |
| **54,24** | | | | | | | |

На ниво на паралелки најголем просечен број на изостаноци има паралелката 2-2 клас со 95,12 изостаноци, а најмал просечен број на изостаноци има паралелката 1-5 клас со 30,79 изостаноци.

Графикон 1. Просечен број на изостаноци по паралелки во учебната 2023/2024 година



## 4. Поведение на учениците

Табела 1. Поведение на учениците по години и паралелки

| Клас | Примерно | Добро | Незадоволително | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **I-1** | 12 | 0 | 0 | 12 |
| **I-2** | 25 | 0 | 0 | 25 |
| **I-3** | 21 | 0 | 0 | 21 |
| **I-4** | 23 | 0 | 1 | 24 |
| **I-5** | 24 | 0 | 0 | 24 |
| **I-6** | 34 | 0 | 0 | 34 |
| **I-7** | 17 | 0 | 0 | 17 |
| **Вкупно** | **156** | **0** | **1** | **157** |
| **II-1** | 15 | 2 | 1 | 18 |
| **II-2** | 14 | 3 | 0 | 17 |
| **II-3** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **II-4** | 24 | 0 | 0 | 24 |
| **II-5** | 19 | 0 | 0 | 19 |
| **II-6** | 30 | 0 | 0 | 30 |
| **II-7** | 16 | 0 | 0 | 16 |
| **Вкупно** | **140** | **5** | **1** | **146** |
| **III-1** | 16 | 1 | 0 | 17 |
| **III-2** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **III-3** | 20 | 1 | 0 | 21 |
| **III-4** | 19 | 0 | 0 | 19 |
| **III-5** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **III-6** | 24 | 1 | 0 | 25 |
| **III-7** | 13 | 0 | 0 | 13 |
| **Вкупно** | **136** | **3** | **0** | **139** |
| **IV-1** | 27 | 1 | 0 | 28 |
| **IV-2** | 19 | 0 | 0 | 19 |
| **IV-3** | 25 | 1 | 0 | 26 |
| **IV-4** | 23 | 1 | 0 | 24 |
| **IV-5** | 22 | 0 | 0 | 22 |
| **IV-6** | 17 | 0 | 0 | 17 |
| **IV-7** | 15 | 2 | 0 | 17 |
| **Вкупно** | **148** | **5** | **0** | **153** |
| **Сè вкупно** | **580** | **13** | **2** | **595** |

Табела 2. Поведение на учениците по години

| Поведение | Прва | | Втора | | Трета | | Четврта | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| **Примерно** | **156** | 99,36 | **140** | 95,89 | **136** | 97,84 | **148** | 96,73 | **580** | **97,48** |
| **Добро** | **0** | 0 | **5** | 3,43 | **3** | 2,16 | **5** | 3,27 | **13** | **2,18** |
| **Незадоволително** | **1** | 0,64 | **1** | 0,68 | **0** | 0 | **0** | 0 | **2** | **0,34** |
| **Вкупно ученици** | **157** | | **146** | | **139** | | **153** | | **595** | |

Табела 3. Поведението на учениците во последните три години

| Поведение | Учебна 2021/2022 година | Учебна 2022/2023 година | Учебна 2023/2024 година |
|---|---|---|---|
| **Примерно** | 619 (98,10%) | 579 (98,47%) | 580 (97,48%) |
| **Добро** | 12 (1,90%) | 8 (1,36%) | 13 (2,18%) |
| **Незадоволително** | 0 | 1 (0,17%) | 2 (0,34%) |
| **Вкупно ученици** | **631** | **588** | **595** |

## Изречени педагошки мерки

На 15 ученици од прва до четврта година им се изречени педагошки мерки.

Педагошките мерки се изречени согласно Правилникот за изрекување педагошки мерки. Причина за нивното изрекување е нередовноста на учениците во наставата, а само мал дел е непримерно однесување.

| Р.бр. | Паралелка | Име и презиме | Неоправдани изостаноци | Педагошка мерка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | I-4 | Марко Гурев | 25 | Писмена опомена од Директорот на училиштето |
| 2. | II-1 | Давид Зафиров | 16 | Писмена опомена од Советот на паралелката |
| 3. | II-1 | Елена Јанева | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 4. | II-1 | Славица Јанева | 13 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 5. | II-2 | Слободан Костов | 13 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 6. | II-2 | Илија Митрев | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 7. | II-2 | Каме Вешков | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 8. | 3-1 | Даниел Шалев | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 9. | 3-3 | Драган Ташев | / | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 10. | 3-6 | Елена Трајковска | 13 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | 4-1 | Стефан Лазов | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 12. | 4-3 | Филип Јосков | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 13. | 4-4 | Раде Јакимовски | 14 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 14. | 4-7 | Муса Еминов | 11 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |
| 15. | 4-7 | Цветанка Миревска | 12 | Писмена опомена од Раководителот на паралелката |

## 5. НАСТАВА

**Реализација на планираниот фонд на наставни часови**

**ПРВА година 95,06 %**

| | I-1 | I-2 | I-3 | I-4 | I-5 | I-6 | I-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1116 | 1044 | 1116 | 1044 | 1116 | 1116 | 1080 | **7632** |
| **Реализирани часови** | 1063 | 992 | 1063 | 985 | 1060 | 1065 | 1027 | **7255** |
| **Разлика** | **53** | **52** | **53** | **59** | **56** | **51** | **53** | **377** |

**ВТОРА година 95,34 %**

| | II-1 | II-2 | II-3 | II-4 | II-5 | II-6 | II-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1188 | 1116 | 1188 | 1116 | 1188 | 1116 | 1152 | **8064** |
| **Реализирани часови** | 1137 | 1062 | 1138 | 1060 | 1134 | 1059 | 1098 | **7688** |
| **Разлика** | **51** | **54** | **50** | **56** | **54** | **57** | **54** | **376** |

**ТРЕТА година 94,27 %**

| | III-1 | III-2 | III-3 | III-4 | III-5 | III-6 | III-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1152 | 1296 | 1080 | 1116 | 1080 | 1224 | 1224 | **8172** |
| **Реализирани часови** | 1088 | 1228 | 1012 | 1046 | 1016 | 1155 | 1159 | **7704** |
| **Разлика** | **64** | **68** | **68** | **70** | **64** | **69** | **65** | **468** |

**ЧЕТВРТА година 95,31 %**

| | IV-1 | IV-2 | IV-3 | IV-4 | IV-5 | IV-6 | IV-7 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани часови** | 1056 | 1056 | 990 | 990 | 1254 | 1056 | 1056 | 7458 |
| **Реализирани часови** | 1014 | 1009 | 939 | 943 | 1183 | 1011 | 1009 | 7108 |
| **Разлика** | **42** | **47** | **51** | **47** | **71** | **45** | **47** | **350** |

Од табеларните прегледи за реализација на наставата може да се заклучи дека наставата, односно наставните часови се во најголем процент реализирани, односно на ниво на училиште реализацијата изнесува 95,00 %.

Реализирани се сите наставни единици и содржини согласно планирањата на предметните наставници по сите наставни предмети.

## 6. Државна матура 2024

Државна матура е збир од повеќе екстерни и интерни испити со кои се проверуваат и се вреднуваат знаењата, вештините и способностите на учениците кои ги стекнале во четиригодишно средно образование.

Спроведувањето на државната матура во четиригодишното средно образование има за цел: подигање на општото ниво на знаења, умеења и способности кај учениците, следење и контрола на реализацијата на наставните програми, заокружување на образованието со испити и стекнување диплома за завршено средно образование, поквалитетна и поправедна селекција при влезот во високото образование, информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени по пат на валидни и веродостојни мерења.

Прв официјален документ со кој е дефиниран моделот на испити на крајот од средното четиригодишно образование е Концепцијата за матура и за завршен испит во јавното средно образование во Република Македонија донесена во 2005 година, која потоа во два наврати беше изменета и дополнета, согласно потребните предуслови за нејзина поуспешна реализација.

Со овој значаен документ во четиригодишното средно образование, се предвидени следните модели на испити: државна матура, училишна матура и завршен испит. Заедничко за сите видови на испити од овој модел е што секој од нив се состои од три дела и тоа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача.

Државната матура има двојна улога: селективна и сертификатна. Притоа, треба да се има предвид дека кај државната матура е понагласена селективната улога. Училишната матура и завршниот испит имаат само сертификатна улога. Сепак, мора да се нагласи дека во Концепцијата е обезбедена доволно добра поврзаност помеѓу државната матура и училишната матура, односно завршниот испит. На кандидатите кои примарно ќе полагаат училишна матура или завршен испит, им се дава можност во некоја од наредните години да полагаат и државна матура.

Проектната задача е проучување на проблем кој ученикот го избира од некој (некои) од наставните предмети или пошироко од образовните области. Проектната задача има за цел да ја провери оспособеноста на учениците за: самостојно планирање, проучување и

истражување на одделни проблеми, самостојно користење на извори на информации и информатичка технологија, планирање и изведување на експерименти, презентирање на добиените сознанија од проучувањето.

Проверувањето и оценувањето на екстерните делови од испитите и екстерните испити го вршат надворешни оценувачи.

Проверувањето и оценувањето на интерните делови од испитите и интерните испити се врши од страна на училишните предметни комисии, согласно испитните програми.

Проверувањето и оценувањето на проектната задача во гимназиското, стручното и

уметничкото образование се врши интерно пред соодветна комисија од училиштето, согласно испитните програми.

Почнувајќи од учебната 2007/2008 година учениците од IV година полагаат Државна матура. Учениците кои планираат да го продолжат своето образование на високо-образовните институции полагаат Државна матура, а оние ученици кои имаат поинакви планови полагаат Училишна матура од гимназиското образование, односно Завршен испит од стручното образование.

Концепцијата за Државна матура претрпува измени.

Државната матура во учебната 2022/2023 година за учениците од гимназиското образование се состои од:

Екстерен дел:

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;

- прв изборен наставен предмет: странски јазик (англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик) или математика;

Интерен дел:

- втор и трет изборен наставен предмет: се бира од понудената листа на наставни предмети;

- проектна задача.

Државната матура во учебната 2022/2023 година за учениците од средното стручно образование се состои од:

Екстерен дел:

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература/албански или турски јазик и литература;

- прв изборен наставен предмет: странски јазик (англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик) или математика;

Интерен дел:

- втор изборен наставен предмет од листата на општообразовни предмети;

- трет изборен наставен предмет: ученикот избира изборен пакет кој може да биде составен од еден или повеќе модули и еден или повеќе предмети, дадени во испитните програми за државна матура и завршен испит за секој образовен профил/квалификација;

- проектна задача.

Оваа учебна година Училишната матурска комисија (УМК) ги направи сите неопходни подготовки за полагање на државна матура согласно Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во Државна матура.

Учениците согласно Концепцијата за полагање Државна матура, во периодот од месец април до месец мај 2024 година, успешно ја одбранија проектната задача.

Табела 1. Преглед на ученици кои пријавиле Државна матура, Училишна матура и Завршен испит по вид на образование и профили во учебната 2023/2024 година

<table>
<tr><th rowspan="3">Ред. бр.</th><th rowspan="3">Матура/ Завршен испит</th><th colspan="2" rowspan="2">Гимназиско образование</th><th colspan="6">Економско-правна и трговска струка (стручно образование)</th><th rowspan="3">Вкупно</th></tr>
<tr><th colspan="2">Економски техничар</th><th colspan="2">Правен техничар</th><th colspan="2">Вкупно</th></tr>
<tr><th>јуни</th><th>август</th><th>јуни</th><th>август</th><th>јуни</th><th>август</th><th>јуни</th><th>август</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Државна матура</td><td>120</td><td>/</td><td>17</td><td>1</td><td>17</td><td>/</td><td>34</td><td>1</td><td>155</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Училишна матура</td><td>/</td><td>1</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>1</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Завршен испит</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">Вкупно:</td><td>120</td><td>1</td><td>17</td><td>1</td><td>17</td><td>/</td><td>34</td><td>1</td><td>156</td></tr>
<tr><td colspan="2">121</td><td colspan="2">18</td><td colspan="2">17</td><td colspan="2">35</td><td></td></tr>
</table>

Во јунскиот испитен рок државна матура полагаа вкупно 154 ученици, од кои 153 редовни и 1 вонреден ученик, Од нив 120 се ученици од гимназиско образование и 34 ученици од стручното образование. Од вкупниот број на ученици кои ја полагаа ДМ во јунскиот испитен рок, испитит по Македонски јазик и литература не го положи 1 ученик и 4 ученици не го положија испитот по Англиски јазик.

Во августовскиот испитен рок државната матура ја полагаа учениците кои не ја положија ДМ во јунскиот испитен рок и 1 вонредна ученичка од стручното образование која го исполни условот да ја полага ДМ во август. Во оваа сесија една вонредна ученичка од гимназиското образование полагаше училишна матура. Од вкупниот број на ученици кои ја полагаа ДМ во августовскиот испитен рок, испитот по Македонски јазик и литература не го положи 1 ученик и 1 ученик не го положи испитот по Англиски јазик. Овие ученици ќе треба да ја полагаат ДМ следната година.

## Интерен дел – Проектна задача

Сите ученици кои пријавија државна матура успешно ја одбранија проектната задача во периодот од 1 април до 15 мај 2024 година.

Резултатите од презентацијата и одбраната на Проектната задача за Државна матура се прикажани во следната табела.

Табела 1. Просечен успех од проектните задачи по предмети од Државна матура 2024

| Р.бр. | Предмет | Просечен успех |
|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 5 |
| 2. | Англиски јазик | 5 |
| 3. | Бизнис и претприемништво | 4,8 |
| 4. | Маркетинг | 5 |
| 5. | Финансиско сметководство | 5 |
| 6. | Менаџмент и бизнис планирање | 5 |
| 7. | Осигурување | 5 |
| 8. | Менаџмент (ОХ-А) | 4 |
| 9. | Економија (ОХ-А) | 4,75 |
| 10. | Економија (стручно) | 5 |
| 11. | Математика | 5 |
| 12. | Кривична постапка | 5 |
| 13. | Граѓанско процесно право | 5 |
| 14. | Административно-канцелариски работи | 5 |
| 15. | Кривично право | 5 |
| 16. | Вовед во право (изборен) | 5 |
| 17. | Историја | 4,5 |
| 18. | Географија | 5 |
| 19. | Информатика | 5 |
| 20. | Биологија | 5 |
| 21. | Физика | 5 |
| 22. | Психологија | 5 |
| 23. | Ликовна уметност | 5 |
| 24. | Филозофија | 5 |
| 25. | Социологија | 5 |
| 26. | Спорт и спортски активности | 5 |
| | **Просечен успех** | **4,22** |

Графикон 1. Преглед на резултатите од одбраната на проектна задача
по предмети за државна матура 2024




На презентацијата и одбраната на проектната задача, Одличен успех со просек 5,00 учениците имаат постигнато по 22 наставни предмети, од вкупно 26 наставни предмети кои што се дадени погоре во табелата. Предмети по кои просекот не е 5,00 се: бизнис и претприемништво 4,80; економија 4,75 (ОХ-А подрачје); историја 4,50 и менаџмент (ОХ-А подрачје) 4,00.

Најнизок просечен успех за одбрана на проектната задача учениците имаат постигнато по наставниот предмет менаџмент (ОХ-А подрачје) 4,00.

### Интерен дел – Интерни испити

Во периодот од 18.06 до 28.06.2024 година во училиштето беше реализирано полагањето на интерните испити од изборниот дел на државната матура, училишна матура и завршен испит.

Резултатите од полагањето на интерните испити од изборниот дел на државната матура се прикажани во следната табела.

Табела 1. Просечен успех од интерните испити по предмети од Државна матура 2024

| Р.бр. | Предмет | Просечен успех |
|---|---|---|
| 1. | Биологија | 5 |
| 2. | Административно-канцелариско работење | 4,94 |
| 3. | Трговија и маркетинг | 4,82 |
| 4. | Географија | 4,92 |
| 5. | Англиски јазик | 5 |
| 6. | Германски јазик | 5 |
| 7. | Математика | 4,33 |
| 8. | Филозофија | 4,99 |
| 9. | Историја | 4,82 |
| 10. | Социологија | 4,88 |
| 11. | Физика | 5 |
| 12. | Хемија | 5 |
| 13. | Ликовна уметност | 5 |
| 14. | Информатика | 5 |
| | **Просечен успех** | **4,90** |

Во јунскиот испитен рок, сите ученици успешно ги положија интерните испити.

Графикон 1. Просечен успех од вториот и третиот изборен предмет од Државната матура во учебната 2024 година (Интерни испити)



**Екстерен дел – Екстерни испити**

Во продолжение следуваат табеларните прегледи за постигањата на учениците – матуранти од полагањето на екстерните испити од државната матура.

Табела 1. Приказ на просечниот успех на учениците на ДМ од екстерните предмети споредени со училишниот успех по истите предмети

| Предмет | Државна матура | Училишен успех |
|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 3,64 | 4,40 |
| Англиски јазик | 3,82 | 3,86 |
| Математика | 4,72 | 4,78 |

Графикон 1. Преглед на просечниот екстерен успех на државна матура 2024




Графикон 2. Споредба на училишниот успех со екстерниот успех



Табела 2. Преглед на споредбата на успехот на екстерните предмети од државна матура 2008 година до 2024 година

| Р.бр. | Предмети | ДМ 2019 | ДМ 2018 | ДМ 2017 | ДМ 2016 | ДМ 2015 | ДМ 2014 | ДМ 2013 | ДМ 2012 | ДМ 2011 | ДМ 2010 | ДМ 2009 | ДМ 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,84 | 3,77 | 3,57 | 3,98 | 3,93 | 3,41 | 3,84 | 3,80 | 4,18 | 3,43 | 3,71 | 3,44 |
| 2. | Англиски јазик | 3,4 | 3,36 | 3,43 | 3,48 | 3,59 | 3,72 | 3,57 | 3,83 | 3,73 | 3,39 | 3,89 | 4,28 |
| 3. | Француски јазик | / | 4,66 | / | / | / | / | / | 3,22 | 3,50 | 4,30 | 3,64 | / |
| 4. | Германски јазик | 4 | 4,5 | 4,66 | 4,50 | 3,00 | 5,00 | / | 4,50 | 3,50 | 4,50 | 4,33 | / |
| 5. | Руски јазик | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5,00 | / | / |
| 6. | Математика | 4,12 | 3,77 | 3,55 | 3,43 | 2,5 | 3,29 | 3,71 | 3,19 | 3,55 | 2,89 | 3,32 | 3,20 |
| 7. | Бизнис | 3,94 | 3,92 | 3,72 | 3,75 | 4,31 | 3,67 | / | / | / | / | / | / |
| 8. | Филозофија | 4,71 | 4,01 | 3,42 | 3,55 | 2,67 | 3,93 | / | / | / | / | / | / |
| 9. | Историја | 4,15 | 4,19 | 3,7 | 4,04 | 2,87 | 3,87 | / | / | / | / | / | / |
| 10. | Биологија | 4,43 | 3,85 | 4,33 | 4,35 | 3,28 | 3,19 | / | / | / | / | / | / |
| 11. | Социологија | 4,12 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 12. | Хемија | / | / | 3,00 | 4,80 | 4,50 | / | / | / | / | / | / | / |
| 13. | Физика | / | / | 3,00 | 3,50 | 3,00 | / | / | / | / | / | / | / |
| Просечен успех | | 3,86 | 3,71 | 3,63 | 3,77 | 3,50 | 3,59 | 3,72 | 3,76 | 3,93 | 3,38 | 3,71 | 3,67 |

Табела 2.1 Преглед на споредбата на успехот на екстерните предмети од државна матура

| **Р.бр.** | **Предмети** | **ДМ 2024** | **ДМ 2023** | **ДМ 2022** | **ДМ 2021** | **ДМ 2020 (учениците не полагаа)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик и литература | 3,64 | 4,41 | 4,46 | 3,97 | / |
| 2. | Англиски јазик | 3,82 | 3,98 | 4,16 | 3,60 | / |
| 3. | Француски јазик | / | / | / | / | / |
| 4. | Германски јазик | / | / | 5,00 | 5,00 | / |
| 5. | Математика | 4,72 | 5,00 | 4,43 | 4,29 | / |
| **Просечен успех** | | **4,06** | **4,28** | **4,33** | **3,87** | **/** |

Графикон 1.  Преглед на споредбата на просечниот успех на екстерните предмети на државна матура од 2008 година до 2024 година




Од приказот може да се забележи дека постигнатиот успех на ниво на училиште (4,06) за оваа учебна година е малку поникок во однос на претходните две. Меѓутоа, е повисок од   просечниот успех на ниво на државата (3,25).

Се надеваме дека и наредната учебна година учениците од нашето училиште ќе постигнат високи резултати на државната матура благодарение на ангажираноста на учениците и наставниците, амбициозноста, трудољубивоста, одговорноста и сериозниот пристап на учениците кон обврските.

# Реализирани активности во текот на учебната 2023/2024 година

## 1. ОБУКИ, СЕМИНАРИ, ЕДУКАТИВНИ ПРЕДАВАЊА, ПРЕЗЕНТАЦИИ

### Обука за проектот „Медиумска писменост и дезинформации“

На 24.10.2023 година во рамките на проектот „Медиумска писменост и дезинформации“ во организација на Центар на Југоисточна Европа и невладина организација „Види вака“, беше одржана обука на која присуствуваа ученици од II-3 и II-5 клас под менторство на проф. по биологија Богде Коцева.

### Обука за наставници и стручни соработници на тема „Начин на превенција и справување со насилство во училиштето“

На 11.12.2023 и 13.12.2023 година во нашето учулиште беше реализирана обука на тема „Начин на превенција и справување со насилство во училиштето“, организирана од страна Бирото за развој на образованието и Академија ЦЕС. Обуката беше одржана од страна на Тони Аврамов, наставник по македонски јазик.

Целта на обуката беше да се зајакнат вештините на наставниците и стручните служби во училиштата за видовите и формите на врсничко насилство во училиштето, раното препознавање и превентивните стратегии за спречување на истото.

На обуката присуствуваа сите наставници и стручни соработници (психолог, педагог и социолог).

### Обука „Првата помош спасува живот“

Во периодот од 25.12.2023 до 28.12.2023 година во спортската сала во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци, во организација на Црвен крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Кавадарци, беше спроведена обука за Прва помош за учениците од I година - Едукатор д-р. Ратко Грков.

### Даночна едукација на младите

На 08.11.2023 година во нашето училиште се одржа презентација за матурантите на тема: „Даночна едукација на младите“.

Предавањето го спроведе Тања Костова-Винарова – асистент во Управа за јавни приходи од Кавадарци. Учениците - матуранти имаа можност да добијат појасна слика и визија за тоа што претставува данокот и која е општествената корист од плаќањето на даноците. Учениците одблиску се запознаа со: Какви видови даноци постојат?, Зошто УЈП ги собира даноците?, Каква е користа од плаќањето на данокот за сите нас? и Како и каде се плаќа данокот?. Даночната едукација на младите треба да влијае кон елиминирање на неинформираноста на младите за потребата од плаќање на даноците, но пред сé клучно е нивното запознавање со основните права и граѓански должности кои ги имаат како даночни обврзници.

**Едукативни предавања**

Во текот на првото полугодие од страна на Душанка Иванова – училиштен психолог, реализирани се следните активности:

- Едукативна работилница со наставници во училиштето на тема „Менталното здравје и остварување на добросостојба"
- Едукативни работилници со ученици на следниве теми:
  - „Ментално здравје" 3 работилници
  - „Емоционална интелигенција"
  - „Саморегулација" 3 работилници
  - „СТОП за Булинг"
  - „Превенција на злоупотреба на ПАС"
- Изработка на пано заедно со учениците во холот на училиштето на тема:
- „10 Октомври – Светски ден на менталното здравје"
- Текст за дискусија на класен час „10 Октомври - Светски ден на менталното здравје"
- Организирање и менторирање на ученици за проектот Ораторство „За свет во кој нема место за неправда"
- Одбележување на Светскиот ден на борба против ХИВ/СИДА
- Текст за дискусија на класен час.

**Одржани работилници преку проектот „Промоција на безбедна училишна средина"**

Во соработка со локалниот ментор, под менторство на Марија Добринова наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник - социолог во текот на првото полугодие беа одржани три работилници: „Комуникациски вештини" (23.11.2023), „Истражувачки методи и алатки" (29.11.2023) и „Развивање на ученички иницијативи" (13.12.2023) преку проектот „Промоција на безбедна училишна средина" заедно со учениците: Ангела Каровска IV-1, Владанка Богева IV-1, Александар Стојков IV-7, Даниела Живковиќ IV-7, Мартин Ѓорески IV-4, Викторија Клинчарова IV-6, Игнат Петров III-5, Методи Јованчев III-5, Гордана Клинчарова II-4, Кристина Ралева I-3, Мартин Николов II-4, Елена Илова II-3, Ангела Колева IV-7, Анастасија Стојанова IV-4 и Ненад Петров I-1.

**Обука „Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни"**

На 31.01.2024 и 12.02.2024 година во нашето училиште беше одржана обука на тема „Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование на возрасни" ограризирано од МОН. Обуката беше спроведена од Стефанија Костадинова стручен соработник социолог и Сања Илова наставник по англиски јазик. На обуката присуствуваа сите наставници.

**Работилници во рамки на проектот „Младинска акција за чист воздух"**

На 08.02.2024 година, на 21.03.2024 година и 10.05.2024 учениците Александар Стојков III-7, Здравко Костов III-7, Бошко Ивановски III-7, Елена Илова II-3, Цветанка Ристовска II-3, Надица Цветковска II-3 и Марија Димова III-4, под менторство на Стефанија

Костадинова стручен соработник социолог и Фиданка Илова помошник директор, учествуваа во работилници во рамки на проектот „Младинска акција за чист воздух“.

Преку овој проект учениците имаа можност да придонесат во борбата за чист воздух на локално ниво, како и нивно активно ангажирање во процесот на донесување одлуки и усвојување политики за чист воздух.

Проектот се реализираше во партнерство со УНИЦЕФ и е финансиран од Владата на Шведска, а беше спроведен од Центар за климатски промени, со поддршка од Општината на град Кавадарци.

**Работилница ,,Дизајнерско размислување за решавање предизвици во училиштата”**

На 13.03.2024 година во нашето училиште беше реализирана работилница на тема: ,,Дизајнерско размислување за решавање предизвици во училиштата” во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци.

На работилницата учествуваа следните ученици, кои се членови на Училишниот тим: Данка Стојкова III-7, Арелена Гостимировиќ III-2, Елена Манова III-7, Васил Трајков II-6 и Благој Камчев II-6 клас под менторство на м-р Марија Добринова – наставник по правни предмети, Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог и Наташа Матакова – наставник по историја.

**Работилници во рамки на проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“**

Во периодот од 20.03.2024 година до 03.06.2024 беа одржани работилници во рамки на проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“ организирани од страна на Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП во соработка со CARE International Balkans, Здружение на млади Креактив и Локална Самоуправа на Општина Кавадарци. Целта на проектот беше проширување на знаењата за позитивно однесување кај младите во креирање локални младински политики, градење позитивни ставови.

Ученици кои учествуваа во проектот се: Давид Зафиров II-1, Слободан Костов II-2, Мартин Митрев II-7, Доне Лазов II-7, Ненад Петров I-1, Александар Лазороски I-3, Марко Гурев I-4, Мирослав Геров I-6, Ѓорѓи Мустеников I-6, Кирил Мукаетов I-2, Јордан Ташев I-2 и Тоше Петров I-6 клас. Учениците беа под менторство на Јасминка Ризова стручен соработник – педагог и Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог.

**Презентации од областа на германскиот јазик**

Во периодот од месец март до месец мај ученици од IV година под менторство на проф. Васка Таневска наставник по германски јазик, изработија онлајн презентации за теми од областа на германскиот јазик и истите беа презентирани.

**Работилница за надлежност и функции на Државната управа**

На покана на СОУ Гимназија „Добри Даскалов“, за учениците од образовниот профил Правен техничар, Државниот управен инспектор Марија Лалкова, одржа работилница на 05.04.2024 година за доближување на работата на управните органи до учениците.

Ова искуство им обезбеди на учениците можност да ги запознаат практичните аспекти на правната професија, дополнување на знаењето, особено во областа на организација, надлежност и постапување на Државната управа и Државниот управен инспекторат.

Активноста беше организирана од страна на проф. по правни предмети Александра Ристова и имаше за цел кај учениците да создаде трајни знаења како подготовка за идни правници и да ги воведе во успешно професионално патување.

**Работилница „Начини на справување со булинг во моето училиште“**

На 11.04.2024 година во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци, беше одржана работилница на тема: „Начини на справување со булинг во моето училиште“.

Работилницата беше реализирана од страна на Стефанија Костадинова стручен соработник социолог со поддрша на м-р Марија Добринова наставник по правни предмети и Наташа Матакова наставник по историја. На неа учествуваа 50 ученици од прва, втора и трета година.

**Работилница „Насилството има ново лице – сајбер насилство“**

На 15.04.2024 година во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци беше одржана работилница на тема: „ Насилството има ново лице – сајбер насилство“ од страна на м-р Марија Добринова наставник по правни предмети, Наташа Матакова наставник по историја и Стефанија Костадинова стручен соработник социолог.

**Дебата на тема „Семејството го создава насилникот“**

На 17 април 2024 година во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци, а во организација на Ученичкиот парламент се одржа дебата на тема „Семејството го создава насилникот“.

Преку борба со зборови, учениците имаа можност да ги изнесат своите ставови поткрепени со аргументи и да ги убедат присутните во нивното излагање. Беа изнесени примери, лични и општествени, преку кои се отвори бурна дискусија која ги наведе присутните на конструктивна дебата за една актуелна тема која ги засега сите во општеството.

Исправени пред тезата, дали само семејството го создава ликот на насилникот или вклучени се повеќе фактори, учениците дебатираа поделени во два тима. Учениците Александар Стојков 3-7, Данка Стојкова 3-7, Тијана Мајстрочева 2-4 и Ана Лазаровска 2-4, како дел од тимот А, го бранеа ставот „ДА“, наспроти тимот Б во кој учествуваа учениците Милица Коцева 2-4, Гордана Клинчарова 2-4, Давид Кујунџиќ 3-5 и Васил Трајков 2-6, а го застапуваа ставот „НЕ“.

Публиката составена од ученици и професори преку гласање во три круга победата му ја додели на тимот А, кој го застапуваше ставот „ДА“. Улогата на водители на дебатата оваа година им припадна на Методи Јованчев 3-5 и Ангела Каровска 4-1, а дебатата беше реализирана со поддршка и менторство на проф. по македонски јазик и литература Васка Петкова и проф. по историја Наташа Матакова.

**Вебинар „Selfie for teachers“**

На 19.04.2024 година беше одржан вебинар за наставници за презентирање на Selfie for teachers алатката. Selfie for teachers е алатка за саморефлексија во однос на користење на дигиталните технологии, при што анонимноста е загарантирана. Оваа алатка е поддржана од Европската фондација за обука, Заедничкиот истражувачки центар при Европска комисија, Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието. Алатката обезбедува информации и можности како образовните институции да се адаптираат на дигиталните промени.

На вебинарот учество зедоа сите наставници. Обучувачи: Олена Бех, виш експерт за развој на човечки капитал – координатор за иновативна настава и учење, ЕТФ; Абдулфета Фетаи, директор на Биро за развој на образование; Надица Костоска, заменик раководител на секторот за Европска Унија, Министерство за образование и наука; Дејдре Ходсон, службеник за политика – образование за еколошка одржливост; Анастасија Економу, научен соработник; проектен раководител, Здружен истражувачки центар на Европската Комисија.

**Гимназијалците на креативен начин се борат против Сајбер насилството**

Поради се поголемата дигитализација и употреба на социјалните мрежи, учениците се повеќе стануваат потенцијални жртви на сајбер насилство. Токму поради оваа причина, ученици од нашето училиште, во периодот од 17 април до 19 април 2024 година, изработија краток филм на тема: „Насилството има ново лице-сајбер насилство“, како и брошури на истата тема, со што на креативен начин се потрудија да ја зголемат свеста кај

учениците за овој вид на насилство и да ги потенцираат начините на превенција и похуманиот однос меѓу соучениците.

Учениците работеа под менторство на проф. по историја Наташа Матакова, м-р Марија Добринова професор по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог.

Оваа иницијатива е дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ на Коалиција на младински организации СЕГА, Смарт Ап лабараторија за социјални иновации, Македонски центар за граѓанско образование и Прва детска амбасада „Меѓаши“. Проектот е поддржан од детската фондација Песталоци.

**Работилница „Развивање на функционална и применлива политика за заштита на деца од злоупотреба и насилство“**

Во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во нашето училиште на 20.05.2024 година беше одржана работилница на тема: „Развивање на функционална и применлива политика за заштита на деца од злоупотреба и насилство“ организирана во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци.

Вториот дел од работилницата се одржа online на 04.06.2024 година. На двете работилници присуствуваа најголем дел од предметните наставници и стручните соработници. Обуката ја реализираше Зага Колодезни, специјален едукатор и рехабилитатор.

Целта на овие работилници беше да се изготви јасна и прецизна процедура за заштита на децата која ќе биде практична и применлива за нашето училиште.

**Обука „Основи на бизнис план и бизнис модел -Мотивација за започнување на бизнис со акцент на дигитални вештини“**

На 27.05.2024 година учениците од III-7 и I-6 клас под менторство на проф. Татјана Ралевска наставник по правни предмети, учествуваа на Обука: „Основи на бизнис план и бизнис модел - Мотивација за започнување на бизнис со акцент на дигитални вештини“ во рамките на Програмата за поттикнување на претприемачко образование помеѓу младите на Агенцијата за претприемништво на Република Северна Македонија. Предавач на обуката беше проф. Македонка Димитрова, професорка на Американ Колеџ.

**Едукативна работилница „Жените во архитектурата и уметноста во Македонија“**

На 27.05.2024 година учениците од II-7, III-1, III-4, III-5 клас под менторство на проф. Татјана Ралевска наставник по правни предмети, учествуваа на едукативна работилница на тема „Жените во архитектурата и уметноста во Македонија“ организирана од страна на

Организација за промоција на женската активност Тиит-Инк Скопје. Едукатор на работилницата беше Симона Манчева.

### Хуманитарна акција и промоција на филмот „Роза на асфалтот“

Пред преполната сала во Домот на културата „Иван Мазов-Климе“ во Кавадарци, на 29.05.2024 година и на 10.06.2024 година гимназијалците го промовираа својот најнов проект, првонаградениот филм на државниот натпревар, „Роза на асфалтот“ во режија на Димитри Тодоров ученик во 2-4 клас и под менторство на проф. по македонски јазик и литература Васка Петкова.

Моќните зборови на ораторите никого не оставија рамнодушен. Проекцијата на филмот и обраќањето на сите учесници кои работеа зад камерите, на музиката во филмот, главните актери и режисерот, направија една успешна приказна која долго ќе се раскажува и ќе биде инспирација за сите ученици.

Под хуманитарниот слоган – „Гимназијалците за својот гимназијалец“, собраните парични средства, како и добиените парични средства од наградата за филмот ги донираа за лекување на Бошко Јанкулов и за Симона Кабранова.

### Со филмот „Роза на асфалтот” гимназијалците покажаа дека сакаат да живееат во свет на еднакви можности

Со филмот „Роза на асфалтот“ нашите ученици испратија силна порака дека во овој свет нема место за поделби и дека во секој од нас се крие гениј кој чека да биде откриен.

Сите сме еднакви! Го испраќаме гласот од цела генерација, дека растеме и градиме еден поправеден свет. Затоа што проблемот за кој говори филмот е секојдневие.

Розата во филмот е метафора за младото момче кое живее со попреченост, а асфалтот е општеството кое не ја гледа убавината и не го препознава прекрасниот мирис на розата. Асфалтот ја гази розата, но гимназијалците кажаа гласно „Не“ на поделбите, предрасудите и насилството. Ние сакаме да живееме во свет на еднакви можности.

### Посета на летен Универзитет по француски јазик

Во периодот од 24.06.2024 до 28.06.2024 година проф. Светлана Несторова-Мицев наставник по француски јазик, беше во посета на Универзитет по француски јазик во Струга. Амбасадата на Франција го поддржува овој летен универзитет и секоја година носи предавачи, специјализирани за францускиот јазик како странски јазик. Универзитетот им овозможува на професорите и наставниците да стекнат нови познавања во доменот на наставата по француски јазик, како и иновативни техники и методи за изучување на францускиот јазик.

## 2. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ

**Одбележување на „Светскиот ден на првата помош“**

По повод одбележувањето на „Светскиот ден на првата помош“ ученици од гимназијата, односно тимовите за прва помош под менторство на проф. Татјана Ралевска, наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог на 06.09.2023 година се вклучија во активностите на членовите од клубот на млади на Црвениот крст кои се реализираа на градскиот плоштад во Кавадарци. Тие имаа и свој штанд со голем број на едукативни материјали за превенција и заштита на човековото здравје, а на лице место изведуваа и показни вежби по прва помош.

**Одбележување на „Светски ден без автомобили“**

На 22.09.2023 година по повод светскиот ден „Ден без автомобили” учениците од прва, втора, трета и четврта година, во организација на професорите по спорт и спортски активности заедно со класните раководители и предметните наставници од гимназијата одржаа две активности. Едната беше возење на велосипеди до месноста Моклиште, а другата пешачење до споменикот на 12 деца, се со цел да се подигне свеста за што помала употреба на автомобили.

Оваа активност традиционално се одржува со години, а учениците од гимназијата секоја година активно учествуваат со што го одбележуваат овој светски ден „Ден без автомобили”.

**Презентација по повод започнување на Јаболкоберот во нашата држава**

На 25.09.2023 година ученичките Бојана Попова и Павлинка Костова од II-3 клас, под менторство на Јасминка Ризова училишен педагог и проф. Богде Коцева наставник по биологија, изработија презентација за јаболкото. На презентацијата беа поставени текстови за значењето на јаболкото, неговите карактеристики и благодети што тоа ги нуди, како и слики за ова овошје. Презентацијата беше подготвена по повод започнувањето на Јаболкоберот во нашата држава.

**Одбележување на „Недела на млади“**

По повод одбележување на „Недела на млади“ на 10.10.2023 година на учениците од I-7, II-7 и III-7 клас под менторство на Татјана Ралевска, наставник по правни предмети, им беше пуштен краток видео материјал, презентација за Црвениот крст. Учениците имаа можост да се информираат и запознаат со Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина, работата на Клубот на млади, можностите за волонтирање и членување и активностите од дејностите на Црвениот крст преку посета на пунктовите за дисеминација и менаџмент со волонтери, за превентивна едукација, прва помош и крводарителство и за социјално-хуманитарна дејност.

**Одбележување на „Европскиот ден на правдата“**

Европскиот ден на правдата се одбележува на 25 октомври, со цел да го приближи пристапот до правда на граѓаните, да ги информира за нивните права и да ја промовира работата на Советот на Европа и Европската комисија на ова поле.

По повод одбележување на Европскиот ден на правдата на 25.10.2023 година учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ под менторство на Александра Ристова наставник по правни предмети, зедоа учество во програмата „Детски права“. Тие зедоа учество во настан кој се одржа во Основен суд Кавадарци. Истиот настан беше презентиран и за останатите ученици од Економско-правна и трговска струка на 26.10.2023 година.

**Одбележување на Европски ден за борба против трговија со луѓе**

По повод одбележување на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе на 26.10.2022 година се одржа Едукативна работилница во просториите на Црвен крст Кавадарци во организација на О.О Црвен крст Кавадарци и Отсекот за превенција при СВР Велес и ОВР Кавадарци. На работилницата учествуваа Арелена Гостимировиќ и Марија Лекоска од III-2 клас под менторство на Стефанија Костадинова стручен соработник-социолог.

**Хуманитарна акција по повод Одбележување на „Недела на борба против гладта“**

По повод одбележување на „Недела на борба против гладта“ на 27.10.2023 учениците при СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци под менторство на проф.Татјана Ралевска наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник социолог организираа хуманитарна акција за собирање средства.

**Одбележување на 16 Октомври – Светскиот ден на гладта**

По повод одбележување на 16 октомври – Светскиот ден на гладта, учениците од трета година под менторство на Јасминка Ризова, стручен соработник – педагог и Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог, подготвија презентации на тема „Борба против гладта“. Презентациите поединечно ги подготвија следните ученици: Ангела Цилева, Елена Стојкова, Даниела Живковиќ и Јана Лембова од III-7 клас. Презентациите беа прикажани на паралелките од III-6 и III-7 клас, како и споделени во нивните работни групи.

**Октомври месец за борба против рак на дојка**

По повод одбележување на „Октомври месец за борба против рак на дојка“ ученичката Марија Вешкова од IV-2 клас под менторство на Богде Коцева – наставник по биологија подготви презентација и текст на тема „Борба против рак на дојка“. Целта е подигнување на свеста за навремени прегледи со цел рана детекција на канцер на дојка. Едукативните пораки се доста важен чекор во подобрување на женското здравје, особено кај младите. Презентацијата беше прикажана на часовите по предметот биологија.

**Светски ден за борба против мозочен удар**

По повод одбележување на Светскиот ден за борба против мозочен удар ученичката Кристина Темелкова од IV-2 клас под менторство на Богде Коцева – наставник по биологија, подготви презентација на тема „Борба против мозочен удар“. Презентацијата беше прикажана на часовите по предметот биологија.

**Пораки за другарството по повод Денот на училиштето**

По повод Патрониот празник на гимназијата, учениците Александра Србиновска и Александра Тодорова од II-7 клас, под менторство на училишниот педагог Јасминка Ризова и училишниот социолог Стефанија Костадинова, изготвија пораки за другарството кои им беа поделени на учениците. Пораките беа рачно напишани на листови во боја на кои што имаше насликано разни видови на пеперутки. Пораките беа поделени на учениците од прва, втора, трета и четврта година за време на одморите. Оваа активност беше под наслов: Од Ученици за Ученици, со цел зближување на врсниците меѓусебе, развој на позитивни чувства и ширење на пријателството и другарството.

**Изложбено Пано по повод Патрониот празник на гимназијата**

По повод Патрониот празник на гимназијата, учениците од II-5 клас, Илина Атанасова, Ана Мариа Димова, Мила Јованова, Лија Наумчева и Марјан Чирков, под менторство на Јасминка Ризова, стручен соработник – педагог и Богде Коцева – наставник по биологија, подготвија изложбено Пано на тема: „Младите и интернетот“. На паното беа поставени разни фотографии и текстови за влијанието на интернетот врз младите, како и низа совети и пораки за рационално користење на интернетот.

**Рецитал по повод Патрониот празник на училиштето**

По повод Патрониот празник на училиштето, учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ под менторство на проф. Васка Петкова, наставник по македонски јазик и литература, зедоа учество во програмата со рецитал „Јазикот е наша единствена татковина“.

**Културно-уметничка програма по повод Патрониот празник на училиштето**

По повод Патрониот празник на училиштето, на 10.11.2023 година учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“, односно училишниот хор и оркестар, под менторство на проф. Драган Вељковиќ, наставник по музичка уметност, реализираа културно-уметничка програма.

**Одбележување на Светскиот ден на филозофијата**

На 16.11.2023 година, по повод на одбележувањето на Светскиот ден на филозофијата, во свечената сала при Филозофскиот факултет, УКИМ-Скопје, Елизабета Бошкова наставник по филозофија и Лоска Давчева наставник по економски предмети присуствуваа на Симпозиумот под наслов „Адам Смит - 300 години од раѓањето”.

## Одбележување Ден на волонтерството

По повод одбележување на „Денот на волонтерството“ на Црвен крст, ООЦК Кавдарци и додели благодарница на Мартина Кендроска од I-7 клас под менторство на проф. Татјана Ралевска, наставник по правни предмети.

## Органски сапуни – корисни за Вашата кожа и животната средина

По повод меѓународниот ден на жената 8-ми Март, учениците од IV година природно-математичко подрачје Б, заедно со проф. по хемија Даница Пецова на 07.03.2024 година рачно изработија домашни сапуни во форма на цветови. Овие сапуни се изработуваат со ладна метода на сапунификација, природни масла и натриум хидроксид кој го нема во крајниот производ. Добиениот сапун е нежен за кожата, високо пенлив, содржи глицерин кој се добива во процесот на сапунификација. Глицеринот ја негува кожата и ја одржува влажна и мека. Овие природни, органски сапуни се еколошки, направени се со биоразградливи состојки кои не предизвикуваат штета на животната средина.

## Мултимедијален проект „Жените кои го променија светот“

На покана на Музеј-галеријата, по повод празникот на жената 8-ми Март, мултимедијалниот проект составен од драматизација, музика и сликарство беше изведен пред многубројната публика. Околу 25 гимназијалци, под менторство на професорките Васка Петкова и Наташа Матакова, преку претставување на биографии на истакнати жени од различни историски периоди, испратија моќна порака: „Ние ги почнавме промените во светот, сега е вашиот ред, ова е ваше време. Чекорете храбро, силно и одлучно. Освојувајте простори, преземајте ризици, не откажувајте се, небото нека ви биде граница. Сите ние минуваме низ времето, остануваат само нашите дела, мисли и вредности да светат над сите нас“.

На сцената се појавија најзначајните женски ликови од историјата: Клеопатра, Јованка Орлеанка, Сузан Ентони, Флоренс Најтингејл, Клара Цеткин, Роза Луксембург, Марија Кири, Хелен Келер, Вирџинија Вулф, Коко Шанел, Елеонор Рузвелт, Мајка Тереза, Индира Ганди, Маргарет Тачер и принцезата Дијана. Овие жени се извонредни индивидуи што постигнале резултати на полето на уметноста, музиката, науката, политиката и социјалниот живот. Но, за да го постигнат тоа, прво морале да се борат со ограничувањата наметнати од општеството и од традиционалната претстава за улогата на жената во своето време.

## Бројот ПИ - тајна што инспирира многу научници и љубители на математиката

Четиринаесетти март се одбележува како Ден на бројот ПИ! Во таа чест учениците од прва година од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ под мотото „МАТЕМАТИКАТА ме инсПИрира” организираа неколку активности:

- Натпревар во помнење на децимали на бројот ПИ!
- Изработка на презентација со интересни факти за бројот ПИ – пано поставено во училишниот хол,
- Изработка на кругови со различен радиус и презентирање на пресметување на бројот ПИ!

Во првата активност учествуваа учениците: Димов Роберт, Атанасова Ангела, Биков Кирил, Дамова Матеа, Ѓорев Васко, Иванов Јован, Касапинов Никола, Манасијевска Елена, Михајловски Михајло, Мукаетов Кирил, Митрева Сара, Наумов Зоран, Секуловска Ивана, Стојанова Тамара, Ташев Јордан, Трајкова Јана, Ќимов Никола, Великовска Антонија, Митевска Доменика и Ставрова Наталија. Натпреварот се одржа во кабинетот по информатика, а се користеше програма изработена од Мајкл Георгиевски, првенец – ученик на генерацијата 2022/2023.

Во одлична натпреварувачка атмосфера учениците се натпреваруваа, а потоа и забавуваа. Најдобри резултати постигна ученичката Матеа Дамова од I-2 клас. Таа успеа точно да запише 224 децимали на бројот ПИ. Добри резултати постигнаа и Ивана 180, Тамара 179, Елена 151.

За втората активност - изработка на презентација со интересни факти за бројот ПИ или Лудолфов број или Архимедова константа – се погрижија учениците Мартина, Леона и Стефанија. На интересен начин им пренесија на учениците дека Бројот ПИ неможе да се напише како количник од два природни броја, неговиот децимален запис е бесконечен и не е периодичен. Михајло, Ангела и Наталија подготвија убави пити во домашни услови и ги споделија на општо слатко задоволство на сите учесници.

**Изложбено Пано по повод Денот на екологијата и пролетта**

По повод 21 Март – Светскиот ден на екологијата и пролетта, учениците изработија изложбено пано во холот на училиштето. На него беа претставени содржини и фотографии за значењето на овој ден, како и еко цртежи и пораки.

Целта на оваа активност е одбележување на денот на екологијата, подобро информирање и запознавање на учениците, подигање на свеста за заштита на животната средина, како и истакнување на важноста од здрава и чиста животна средина.

Активноста беше реализирана согласно еколошката програма.

Во оваа активност вклучени беа учениците од 1-5 клас и 2-5 клас. Учениците работеа под менторство на: Богде Коцева – професор по биологија, Јасминка Ризова, стручен соработник – педагог и Елизабета Иговска – професор по биологија.

**Одбележување на Денот на пролетта и екологијата**

По повод одбележување на Денот на пролетта и екологијата – 21 Март, учениците од I-2 клас Ивана Секуловска и Елена Манасијевска, под менторство на Јасминка Ризова стручен соработник – педагог и Стефанија Костадинова – стручен соработник – социолог изработија еко пораки за зачувување на природата. Пораките беа проследени до нивните соученици за време на одморите.

**Изложбено Пано по повод Светскиот ден на водата**

По повод 22 Март – Светскиот ден на водата, учениците изработија изложбено пано во холот на училиштето. На него беа претставени содржини и фотографии за значењето на водата, како и еко цртежи со пораки.

Целта на оваа активност е одбележување на светскиот ден на водата, подобро информирање и запознавање на учениците, како и истакнување на важноста на водата за здравјето на луѓето и нејзина рационална употреба.

Оваа активност е реализирана согласно еколошката програма.

Ученици кои беа вклучени во оваа активност се: Сара Пејовска од 2-3 клас, Павлинка Костова од 2-3 клас и Бојана Попова од 2-3 клас. Учениците работеа под менторство на: Богде Коцева – професор по биологија и Јасминка Ризова, стручен соработник – педагог.

**Светски ден на водите**

Светскиот ден на водите 22.03.2024 година се одбележа со изработка на еко инсталација за загадување на моријата и страдање на живите организми кои се заробуваат од пластичниот отпад, мрежи и др. Изработката беше направена од учениците од III-5 клас Марија В'чкова и Тодор Пењушков под менторство на Елизабета Иговска – проф. по биологија.

**Одбележување на Светскиот ден на театарот**

По повод одбележување на Светскиот ден на театарот, учениците од прва година под менторство на проф. Катица Манева, наставник по македонски јазик и литература на 27.03.2024 година беа во посета на Домот на културата „Иван Мазов Климе“.

**Одбележување на Светскиот ден на здравјето - 7 Април**

По повод Одбележување на Светскиот ден на здравјето - 7 Април на 08.04.2024 година, учениците од IV-5 клас, под менторство на проф. Богде Коцева наставник по биологија, изработија презентација за подигање на свеста за здравјето на луѓето ширум светот.

**Одбележување на 22 Април – Ден на планетата Земја**

По повод одбележување на 22 Април – Ден на планетата Земја, на 22.04.2024 година учениците од 2-4 клас, под менторство на проф. Богде Коцева наставник по биологија, изработија презентации за планетата Земја. Меѓународниот ден на планетата Земја се одбележува за да се потсетиме сите дека Земјата и нејзините природни убавини ни даваат живот и добро здравје.

Овој ден, исто така, ја поттикнува нашата одговорност за природата на планетата Земја во целина, како да се однесуваме кон истата и што можеме да направиме за да и помогнеме да остане чиста и здрава. Денот на планетата Земја претставува можност секој од нас како дел од планетата да размисли за своето однесување спрема Земјата, дали се однесуваме правилно и одговорно и што можеме да направиме да биде почиста и поубава бидејќи само здрава и чиста животна средина може да ни овозможи квалитетен живот.

**Едукативна работилница по повод 22 април**

По повод Денот на планетата Земја – 22 април, од страна на Јасминка Ризова, стручен соработник педагог и Стефанија Костадинова, стручен соработник социолог, беше реализирана едукативна работилница на тема: „22 април – Ден на планетата Земја“.

Работилницата беше спроведена со учениците од 3-7 клас. Учениците, најпрво имаа можност да се запознаат и да добијат информации од дискусијата што се разви и прочитаниот текст за Денот на планетата Земја. Потоа, следуваше работа во групи, каде учениците добија материјали за работа, работни листови во боја и изготвија цртежи и пораки за значењето на овој ден.

На крајот секоја група ги претстави своите изработки, цртежи и пораки преку кои испратија порака правилно и одговорно однесување кон планетата Земја.

**„На денешен ден”**
**активности од областа на географијата**

На 22 април 2024 година учениците Матеа Дамова I-2, Ивана Секуловска I-2 и Трајана Ана Милкова I-4, под менторство на проф. Валентина Димитрова наставник по географија, изработија изложбено Пано со краток опис и фотографии на кои се опишани настаните кои се случиле на 22 април. (1500 година - Португалскиот морепловец Педро Кабрал стигнал до Бразил и го прогласил за португалски посед. Ова се празнува како Ден на откривањето на Бразил; 1964 година-Тангањика и Занзибар се обединиле во заедничка држава — Танзанија; 1970 година - Почнал да се празнува Денот на планетата земја).

**Одбележување на Светскиот ден на животната средина**

По повод одбележување на Светскиот ден за заштита на животната средина на 05.06.2024 година во организација на регионалното и еколошко друштво „Еко-Живот“ учениците Ивана Секулковска I-2, Елена Манасијевска I-2, Тамара Стојанова I-2, Ангела Атанасова I-2, под менторство на Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог, учествуваа во еколошка акција на Тиквешкото Езеро, во делот на село Брушани.

## 3. ПРОЕКТИ

**„Заштита на правата на децата во училиштата“**

Продолжи да се спроведува проектот „Заштита на правата на децата во училиштата“. Овој проект е дел од поширокиот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Р.Македонија“ кој го спроведуваше Коалиција на младински организации СЕГА, подржан од детската фондација Песталоци. Локален координатор на проектот е Младинскиот Информативен Центар „Инфо Сега“. Училиштен координатор на проектот е проф. по историја Наташа Матакова. Сите активности се реализираат со целосна поддршка на Јасмина Чулева, директор на училиштето, како и со членовите од Тимот за Ресурсен

пакет: Душанка Иванова – психолог, Јасминка Ризова – педагог, Васка Петкова – проф. по македонски јазик и литература и Жанета Делова – проф. по економски предмети.

**„Moodle“**

Проектот Moodle продолжи да се реализира и оваа учебна година во наставата. Проектот има за цел подобрување, унапредување и модернизирање на наставниот процес во училиштето.

„Moodle“ претставува систем за Е-учење којшто е од затворен тип и достапен само за учениците и наставниците во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“.

Системот за Е-учење Moodle го администрира Зоран Милевски, проф. по информатика.

Покрај предметните наставници коишто ја користат оваа алатка од самиот почеток, се вклучуваат и нови колеги, кои не посетувале претходна обука и на кои им се пружа потребна техничка подршка од страна на професорите по информатика.

Најчесто, наставниците изготвуваат тестови на знаења, поставуваат презентации и друг вид на материјали потребни за реализирање на наставата, квизови и сл.

**„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“**

Целта на овој проект е заштита на животната средина и нејзина интеграција во воспитно-образовниот систем. Оваа програма ја спроведуваат Здружението на граѓани ОХО, Министерството за образование и наука и Швајцарската агенција за развој.

Согласно програмата: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем “ во текот на првото полугодие беа реализирани следните активности кои беа поставени на веб порталот на училиштето, а некои на изложбено пано во холот на училиштето:

- Подготвување Power point презентации за Јаболко,
- Изготвување Power point презентација на тема: „Екологијата во Кавадарци“,

Проектот е наменет да се подобри изгледот на околината во која учиме и работиме, да се развие еколошката свест, како и грижа и чување на околината од страна на учениците.

Оваа програма ја опфаќа и Кампањата на тема: „Здрава храна за живот без мана“ во која учениците активно се вклучуваат со свои идеи и предлози за реализирање на мини проекти или активности поврзани со здравата исхрана. Согласно програмата формиран е и Еко одбор во кој што членуваат ученици, родители, стручна служба и наставници, каде што претседател е директорот на училиштето. Училиштен координатор на целата еколошка програма е проф. по биологија Богде Коцева.

Во сите активности активно учество земаа учениците од прва, втора, трета и четврта година, под менторство на: Јасминка Ризова – училиштен педагог, Богде Коцева – проф. по биологија и Елизабета Иговска – проф. по биологија.

**„Проект за меѓуетничка интеграција во образованието“**

Овој проект продолжи да се реализира во нашето училиште. Целта е кај учениците од различна етничка, полова и социјална структура да се развие кретивно изразување и поврзување, запознавање со културата на другите етнички заедници, надминување на родовите, етничките и социјалните предрасуди и стереотипи.

Проектот го спроведува УСАИД во соработка со партнер организациите Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) и Македонски Институт за Медиуми (МИМ).

Со овој проект ќе се реализираат повеќе активности, како на пример:

- Планирање на активностите за МИО во Годишната програма на училиштето;
- Вметнување на активности за МИО во годишните и тематските планирања на наставниците;
- Вклучување на родители, ученици и наставници во МИО активностите.

Одговорни наставници за спроведување на активностите од овој проект се: Блашко Клинчаров – проф. по спорт и спортски активности, Александра Петреска – проф. по англиски јазик, Драган Вељковиќ – проф. по музичка уметност, Соња Попова – проф. по математика и Александра Амишева – проф. социологија.

**Проект „Советување на родители - родителска школа“**

Во рамки на проектот „Советување на родители-родителска школа“ во текот на учебната година беа одржани едукативни советодавни средби со 28 родители на ученици поради нередовност во наставата. Советодавни разговори се реализираа и со учениците кои имаа над 10 неоправдани изостаноци и над 100 оправдани изостаноци. Советувањето на родители и ученици го реализира стручниот соработник Душанка Иванова-психолог во училиштето.

## Erasmus +

**Save Your Future – Еразмус+ проект во СОУ Гимназија Добри Даскалов Кавадарци**

Во рамки на Еразмус+ програмата во училиштето беа организирани и реализирани низа активности и виртуелни обуки во учебната 2023/2024. Учениците беа активно вклучени во активностите на проектот, изработуваа истражувања и презентации на теми поврзани со целите на проектот, креираа свои изработки и ги презентираа пред останатите ученици и наставници од другите училишта вклучени во проектните активности, учествуваа на виртуелна средба во кои се запознаа со профилите на училиштата, нивните наставници и ученици, учеа за добри практики во образованието од искуството на учениците и наставниците од другите партнерски училишта.

На 27.10.2023 година во рамките на Еразмус+ проектот Save Your Future, во СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ Кавадарци се одржа витруелна средба со партнерските училишта на која учениците од партнерските земји ги претставија своите училишта, град и земја и се запознаа со останатите учесници во проектот.

Проектот Зачувај ја твојата иднина – Save Your Future има за цел да се развие во широк опсег од навики за потрошувачка и свесно трошење, па сè до финансиска писменост. Тој е дизајниран за заеднички развој на меѓусебно поврзани компетенции. Целта што сакаме да ја постигнеме е да се осигураме дека потрошувачките навики на нашите ученици се чувствителни на животната средина, нивните навики за трошење се ефикасни и самите ученици имаат вештини за финансиска писменост.

Во овој проект СОУ Гимназија Добри Даскалов Кавадарци е партнерско училиште со средните училишта Liceul Technologic Ticleni од Романија, Mustafa kemalpasa Anadolu Lisesi од Турција и Istituto Tecnico Commerciale Statale F. Scarpellini од Италија. Имплементацијата на проектот е со времетраење од 2 години.

Во мобилноста во Романското училиште Liceul Technologic Ticleni во периодот од 27 ноември до 1 декември 2023 година, се вклучија 10 ученика и 2 наставници од нашето училиште.

На работилницата во Тицлени, Романија од 27.11.2023 година до 01.12.2023 година учествуваа професорките Соња Попова наставник по математика и Александра Ристова наставник по правни предмети со 10 ученика: Памела Стоимчева II-4, Мартина Илиевска II-1, Давид Кујунџиќ III-5, Мила Стојанова II-4, Сандра Кадиова II-6, Лилјана Атанасова III-4, Бојана Попова II-3, Цветко Стојанов II-4, Надица Цветковска II-3 и Стефан Мустеников III-2.

Во мобилноста во Италија во училиштето Istituto Tecnico Commerciale Statale F. Scarpellini во периодот од 14 до 20 април, 2024 се вклучија 10 ученици и 2 наставници. За дисеминација за реализираните активности и виртуелни обуки се прикачени информации на официјалните страници на проектот како и на официјалната страна на училиштето.

Во текот на цела учебна година беа организирани и редовни координативни состаноци на наставниците од партнерските училишта со цел да се организираат активностите и обуките редовно и тековно. Проектот продолжува да се имплементира и наредната учебна година.

На работилницата во Фолињо, Италија од 14.04-20.04.2024 учествуваа професорките Александра Петреска наставник по англиски јазик и Сања Илова наставник по англиски јазик со 10 ученика: Давид Петрески I-4, Иван Милков I-4, Лилјана Лазова I-3, Ива Павловска II-5, Матеја Чупаркоска I-4, Кирил Каровски I-4, Слободанка Арсова, Дијана Мишова II-5, Благица Грижева III-4 и Елена Ризова I-4.

## 4. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

### Тиквешки гроздобер

Во периодот од 09-11.09.2023 година по повод традиционалната Културно-Туристичка Манифестација „Тиквешки гроздобер“ 2023, беа проследени активности, односно на сите посетители кои од другите градови влегуваа во град Кавадарци на три пунктови на влезовите од градот заедно со претставник од МВР Кавадарци и претставник од Ј.П. Паркинг, учениците подаруваа спакувано (црвено и бело) грозје како белег на нашиот град.

### Учество во Вински карневал на „Тиквешки гроздобер 2023“

По повод манифестацијата „Тиквешки гроздобер-2023“, учениците од СОУ Гимназија„Добри Даскалов“ под менторство на проф. Васка Петкова, наставник по

Македонски јазик и литература, зедоа активно учество во Винскиот карневал кој се одржа на 11 септември. За збогатување на карневалското дефиле беа ангажирани повеќе гимназијалци кои со гордост го прифатија предизвикот оваа година достојно да го претстават славењето на грозјето, виното и лозарството.

### Крводарителски акции

На 26 септември 2023 година и на 20.03.2024 година во нашето училиште се спроведоа акции за дарување на крв за учениците од трета и четврта година. И оваа година учениците и наставниците ја искажаа својата хуманост и солидарност и несебично даруваа крв за да се спаси нечиј живот. Акцијата беше успешно организирана и реализирана од страна на Републичкиот завод за трансфузиологија од Скопје и О.О Црвен крст од Кавадарци.

### Посета на нотарска канцеларија нотар Марија Лазова

На 02.10.2023 година учениците од IV-7 клас, под менторство на Александра Ристова наставник по правни предмети, беа во посета на нотарската канцеларија – нотар Марија Лазова, нотар Роза Алексова, каде што имаа можност практично да се запознаат за надлежностите и работата на нотарите. Се реализираа активности поврзани со средување, дополнување и пополнување на обрасци неопходни за наставниот предмет „Учење преку работа кај работодавач“.

### Ученички парламент

По изборот на класни заедници кој се изврши во текот на месец септември, на ден 05.10.2023 година во кино салата на нашето училиште се одржа Првата конститутивна седница на Ученички парламент во учебната 2023/2024 година. На Првата конститутивна седница присутните беа запознати со функцијата и структурата на Ученичкиот парламент, како и за начинот на избор на претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент. Седницата ја водеше ученичката Тамара Танчева, а на седницата присуствуваа наставници и членовите на Ученичкиот парламент.

### Изложбено Пано „На денешен ден“

На 16.10.2023 година ученичката Надица Ангелова од II-1 клас, под менторство на проф. Валентина Димитрова, наставник по географија, изготви изложбено пано за новооткриена егзопланета Алфа Кентаур Bb, која кружи околу ѕвезда слична на Сонцето и оддалечена од Земјата 4,37 светлосни години.

### Посета на изложба во Музеј Галерија на град Кавадарци

На 18.10.2023 година, учениците од III-4 клас, под менторство на проф. Наташа Матакова, наставник по историја беа во посета на изложба во Музеј Галерија на град Кавадарци на тема „НОБ и револуцијата“.

**Избран претседател и заменик - претседател на Ученичкиот парламент**

На 26.10.2023 година се одржа втората седница на Ученичкиот парламент на која беше избран претседател и заменик претседател на Ученичкиот парламент за учебната 2023/2024 година. По упатениот Повик на Првата конститутивна седница на Ученичкиот парламент за избор на претседател се пријавија пет кандидати: Ангела Каровска ученичка од четврта година, Клара Маркова од трета година, Филип Јосков од четврта година, Методи Јованчев од трета година и Гоше Алексов исто ученик во трета година. Учениците се претставија пред присутните со програма за работа на Ученичкиот парламент и ги истакнаа причините кои ги мотивирале да аплицираат за оваа функција. По извршениот избор преку тајно гласање за претседател на Ученичкиот парламент во учебната 2023/2024 година членовите на Ученичкиот парламент ја избраа ученичката Ангела Каровска, а за заменик-претседател ученикот Методи Јованчев. Седницата ја водеше Игнат Петров, ученик од трета година.

**Донација за библиотеката на гимназијата**

На 27.10.2023 година нашата гимназија ја посетија: претседателот на Институтот за правно – економски истражувања Iurdica Prima, проф. д-р Ангел Ристов, претседателот на Општинскиот суд во Кавадарци г-динот Лазар Нанев и градоначалникот на Општина Кавадарци г-динот Митко Јанчев.

Целта на посетата на професорот Ристов беше од благороден карактер, на училишната библиотека да и подари одреден број на книги за потребите на учениците, посебно од правниот смер.

**Ученици од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ во посета на Саем на книга**

На 02.11.2023 учениците од III-7 клас под менторство на проф. Костадин Прокопов, професор по македонски јазик и литература беа во посета на Саем на книга во Градска библиотека „Феткин“ Кавадарци.

**Ораторство „За свет во кој нема место за неправда“**

На 22.11.2023 година, Васка Петкова – наставник по македонски јазик и литература и Душанка Иванова – психолог, Драган Вељковиќ - наставник по музичка уметност организираа ораторство на тема: „ За свет во кој нема место за неправда!“. Ораторството се одржа во кино-салата на училиштето, а со свои однапред подготвени текстови, учество зедоа ученици од втора, трета и четврта година.

**Презентација „Екологијата во Кавадарци“**

На 27.11.2023 година ученичката Милица Коцева од II-4 клас, под менторство на проф. Богде Коцева наставник по биологија и Јасминка Ризова училишен педагог изработи презентација на тема „Екологијата во Кавадарци“. Целта на оваа презентација е подигнување на еколошката свест и промовирање на еколошки вредности.

**Еднодневна екскурзија во Дојран за учениците од Црвен крст**

На 29.11.2023 година во рамки на проектот Промоција на хумани вредности во организација на Црвен крст од Кавадарци, беше реализирана еднодневна екскурзија во Дојран.

Екскурзијата беше изведена поради освоеното прво место на државно ниво согласно проектот Промоција на хумани вредности. Ученици кои беа на оваа екскурзија се следните: Мартина Кендроска од 1-7 клас, Теодора Јанкулова од 1-4 клас, Калина Гинева од 1-2 клас, Кристина Ралева од 1-3 клас, Магдалена Младенова од 1-3 клас, Лара Росоманска од 1-4 клас, Трајана Ана Милкова од 1-4 клас и Христина Јанчева од 1-4 клас.

**Хуманитарна акција од ученици од Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци**

И оваа година се организираше хуманитарната акција на 06.12.2023 година од учениците од Гимназија „Добри Даскалов" Кавадарци, под менторство на Иговска Елизабета, наставник по биологија и поддршка на директорката Јасмина Чулева во Дневниот центар – Кавадарци за децата со посебни потреби. Оваа година ни се придружи и ученичкиот парламент под менторство на Наташа Матакова, наставник по историја.

**Настап во Музеј галерија**

На 07.12.2023 година отварањето на изложбата во Музеј галеријата на град Кавадарци беше збогатена со рецитал во изведба на учениците од СОУ Гимназија „Добри Даскалов" под менторство на проф. Васка Петкова, професор по македонски јазик и литература.

**Хуманитарна акција за собирање средства во соработка со ООЦК Кавадарци**

Во соработка со Општинска организација на Црвен Крст Кавадарци под менторство на Татјана Ралевска наставник по правни предмети, на 15.12.2023 година учениците беа вклучени во собирање на средства за деца од социјален ризик. Ученици кои беа вклучени се: Магдалена Младенова и Кристина Ралева од I-3 клас.

**Младински Центар Кавадарци**

Младинскиот центар во Кавадарци во соработка со општина Кавадарци и партнерските организации Македонско здружение на млади правници, Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина ГОУ ГРИН Скопје, Центар за климатски промени Гевгелија и Младинска организација Креатив на 20.12.2023 година организираа Работилница за зајакнување на капацитетите на членови на Локален Младински Совет и младите од општина Кавадарци. На работилницата присуствуваа следниве ученици: Ангела Цилева, Данка Стојкова, Џесика Ристова, Јана Лембова, Бошко Ивановски, Даниела Живковиќ, Здравко Костов и Владанка Богева, под менторство на Стефанија Костадинова стручен соработник социолог.

**Новогодишен турнир во табла „Ромбо 2023“**

Како и секоја година, па така и оваа учебна година, во чест на поранешниот колега Гоце Јосифовски – Ромбо, наставник по ликовна уметност, колегите организираа новогодишен турнир во табла. Победниците кои се пласираат на прво и второ место, добиваат награди и признанија.

**Ученици за учениците –**
**гимназијалци активно вклучени во подобрување на компјутерската опрема**

Нашите ученици Гордана Клинчарова II-4, Ѓорѓи Костадинов II-4, Јован Манев II-4, Никола Јованов III-4 и Александар Петров III-4, беа активно вклучени во подобрување на компјутерската опрема во училиштето, а воедно се и активни волонтери во иницијативата Донирај компјутер – Борче Стаменов.

Гимназијата доби уште една донација од иницијативата Донирај Компјутер – Борче Стаменов, со што за училиштето се обезбедија уште 20 компјутери. Ова не е прва донација од Донирај компјутер. По иницијатива на директорката Јасминка Чулева и професорите по информатика м-р Зоран Милевски и Благородна Лазова, гимназијата доби донација втор кабинет по информатика со 30 компјутери, а потоа дополнителни 28 компјутери распоредени по сите училници, со тоа нашето училиште е едно од најопремените училишта со компјутерска опрема во државата.

Секоја година во гимназијата се одржуваат и натпревари по информатика и програмирање каде што гимназијата како домаќин овозможува одлични услови за реализирање на натпреварите.

**Посета во Управата за водење на матична евиденција**

На 02.02.2024 година учениците од III-7 клас под менторство на проф. Татјана Ралевска наставник по правни предмети беа во посета на Управата за водење на матична евиденција. При посетата учениците се запознаа со начинот на водење на упис во матичната книга на родени, матичната книга на венчани и матичната книга на умрени.

**Поетско читање во Домот на културата „Иван Мазов-Климе“**

На 6 март 2024 година, во Галеријата при Домот на културата „Иван Мазов – Климе“ Кавадарци, беше отворена ликовна изложба насловена „Женско писмо“. Изложбата беше во организација на Дом на култура од Кавадарци и Друштвото на ликовни уметници од Кавадарци. На неа учествуваа жени - ликовни автори од повеќе градови од Р.Македонија.

Отворањето на изложбата доби и мултимедијален карактер со поетско – музичкиот перформанс во изведба на ученици од средните училишта од Кавадарци. Од СОУ Гимназија „Добри Даскалов“ со свое поетско читање се претставија ученичките Елена Илова 2-3, Ивана Секуловска 1-2, Теона Јорданова 4-4 и Марија Вчкова 3-5 под менторство на проф. по македонски јазик и литература Васка Петкова.

**Активности во рамки на еко проектот**

Учениците од прва година – гимназиски паралелки на 12.03.2024 година под менторство на проф. по биологија Иговска Елизабета, изработија цртежи и пораки со еко содржини кои не потсетуваат како да се однесуваме кон планетата земја, која постојано ја уништуваме.

**Инфо ден – Дете правобранител**

Новоизбраниот Дете правобранител, Сандра Кадиова, заедно со замениците Александра Србиноска и Лилјана Лазова, под менторство на проф. по историја Наташа Матакова на 19.03.2024 година реализираа Инфо ден преку кој ја промовираа нивната функција. Преку разговор и делење флаери како пропаганден материјал децата правобранители ја доближија нивната фукција до сите ученици и во сите класови.

Учениците имаа можност да се информираат што претставува функцијата Дете правобранител, како да ги остварат и заштитат нивните права во училиштето. Преку делењето на пропагандниот материјал учениците беа охрабрени да го пријавуваат прекршувањето на нивните права во училиштето, како од страна на вработените, така и од страна на соучениците.

**Состаноци во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“**

Во периодот од 21.03.2024 година до 29.05.2024 година беа одржани состаноци со менторот Никола Делевски за дефинирање на предизвиците, планирање на активностите и тестираните активности во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци.

На состаноците учествуваа следните ученици, кои се членови на Училишниот тим: Данка Стојкова III-7, Арелена Гостимировиќ III-2, Елена Манова III-7, Васил Трајков II-6, Благој Камчев II-6 клас под менторство на м-р Марија Добринова – наставник по правни предмети, Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог и Наташа Матакова – наставник по историја.

Во периодот од 21.03.2024 до 29.05.2024 година беа одржани состаноци со учениците Данка Стојкова, Арелена Гостимировиќ, Ангела Цилева, Елена Манова, Васил Трајков и Благој Камчев под менторство на м-р Марија Добринова – наставник по правни предмети, Стефанија Костадинова – стручен соработник социолог и Наташа Матакова – наставник по историја, за дефинирање на предизвиците, планирање на активностите и тестираните активности во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци.

## ЕСПАД истражување

На 26.03.2024 година во нашето училиште се спроведе ЕСПАД истражување. Ова истражување се спроведува во најголемиот број држави во Европа на секои четири години, а во кое се вклучени ученици од прва година.

Главна цел на ЕСПАД студијата е да се соберат споредливи податоци за користење алкохол, тутун и droги помеѓу учениците од што е можно повеќе европски држави. Долгорочна цел е да се следат трендовите на употреба на алкохол, тутун и дроги кај учениците во Европа и да се креираат јавно здравствени мерки за превенција.

Институтот за јавно здравје на РСМ е имплементатор на истражувањето во нашата држава со целосна поддршка од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Училишни координатори на оваа активност беа Јасминка Ризова, стручен соработник – педагог и Стефанија Костадинова, стручен соработник – социолог.

## Реализирана еднодневна екскурзија за учениците од прва и втора година во Крушево, с. Небрегово и Прилеп

Согласно Годишната програма на училиштето на 12 април 2024 година се реализираше научно-истражувачка екскурзија која што имаше за цел совладување, проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница и добивање сознанија за одделни подрачја од животот и работата на луѓето.

Како специфична организациска форма во многу нешта е незаменлива во поглед на остварувањето на одредени цели и задачи на училиштето. Реализирани содржини и активности: Посета и разгледување на градот Крушево, спомен куќата на Тоше Проески и Македониумот. Посета на спомен домот на Блаже Конески основоположник на современиот македонски литературен јазик. Посета на градот Прилеп.

Правци на патување: Кавадарци – Крушево - с.Небрегово – Прилеп – Прилеп - Кавадарци. Нашата најубава земја која ја откриваме преку книгите во училиштето, ја почувствувавме преку оваа екскурзија.

Времетраењето на екскурзијата беше еден ден. При посетата на овие локалитети учениците со предавања од страна на стручни лица и наставниците се запознаа со природните, историски, географски и културни одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатства, разгледување на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот систем на живеење.

Екскурзијата беше успешно изведена, учениците и професорите се задоволни од реализацијата на истата, за што заслуга имаат и туристичката агенција и превозникот кои се покажаа како вистински професионалци во својата работа.

Екскурзијата помина без никакви проблеми и инциденти, за што зборува фактот дека сите се вратија со убави впечатоци.

**Креирање Инстаграм профил - активност во рамки на проектот „Промоција на безбедна училипшна средина“**

На 17.04.2024 година заедно со учениците од училишниот тим под менторство на професорките Наташа Матакова наставник по историја, м-р Марија Добринова наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог, беше спроведена активноста да се креира Инстаграм профил на училиштето во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци.

**Изработка на брошури на тема „Сајбер насилство“**

Во периодот април-мај 2024 година во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци, учениците Методи Јованчев III-5, Игнат Петров III-5 и Владимир Костов III-4 клас, под менторство на професорките Наташа Матакова наставник по историја, м-р Марија Добринова наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник - социолог, изработија брошури на тема „Сајбер насилство“. Брошурите беа наменети за информирање на учениците и беа поставени во сите учлници во училиштето.

**Изработка на презентација за „Значењето на егзотичните овошја“**

Во месец април учениците од IV-5 клас под менторство на проф. Богде Коцева наставник по биологија изработија презентација за „Значењето на егзотичните овошја“. Овошјето е од суштинско значење за внесување витамини, минерали, антиоксиданси и растителни влакна.

**,,Остави лош збор, земи добар збор” –**
**активност во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“**

На 25.04.2024 година заедно со учениците од училишниот тим под менторство на професорките Наташа Матакова наставник по историја, м-р Марија Добринова наставник по правни предмети и Стефанија Костадинова стручен соработник – социолог, беше спроведена активноста ,,Остави лош збор, земи добар збор” во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ во организација на Коалиција на младински организации СЕГА, СмартАП – Лабораторија за социјални иновации и Прва детска амбасада Меѓаши, поддржан од швајцарската фондација Песталоци.

Оваа активност беше со цел да ја негуваме пристојната и позитивната комуникација меѓу сите нас. Секој во текот на животот бил повреден од некој лош збор, но потребно е да се издигнеме, да ја развиеме свеста, да ги оставиме лошите зборови и да ги заменеме со нови, помудри, позначајни. Зборови на среќа. Ништо не е помоќно од зборовите. Тие

говорат за нас, кои сме, какви личности сме и какви вредности носиме. За поубав свет да земеме поубави зборови и да стоплиме нечие срце. Насмевката е скапоцена.

### Реализирана завршната екскурзија во трета година

Завршната екскурзија за учениците од трета година се реализираше во периодот од 10 мај 2024 година до 15 мај 2024 година, на релација: Кавадарци – Пунта Сабионе – Венеција – Лидо ди Јесоло – Верона – Рим – Фиренца – Пиза – Монте Катини – Постојна – Кавадарци.

Екскурзијата беше реализирана од туристичка агенција Рапсоди Травел – Скопје. Патуваа 128 ученици и 7 класни раководители распоредени во 2 туристички автобуси со по 1 претставник – водич од туристичката агенција и 1 доктор.

Прв ден 10.05.2024 (петок)

Тргнување од СС Јасмин во 13.30 ч. Патување кон Србија, Хрватска, Словенија со попатни паузи.

Втор ден 11.05.2024 (сабота)

Пристигнување во Пунта Сабионе во утринските часови и со брод патување кон Венеција. По разгледот на градот и слободното време за прошетка заминување кон Лидо ди Јесоло. Сместување во хотел. Слободно попладне за плажа и шопинг. Вечера во хотел.

Трет ден 12.05.2024 (недела)

По појадокот заминување кон Верона. Разглед на Верона и слободно време за самостојно разгледување на градот. Продолжување на патувањето кон Рим. Пристигнување во вечерните часови и сместување во хотел. Вечера во хотел.

Четврти ден 13.05.2024 (понеделник)

Разгледот на Рим започнува со Ватикан, Шпански скали, плоштад Навона, Пантеон, Фонтана ди Треви, плоштад Венеција, Форум, Колосеум. Слободно време за ручек, прошетка, шопинг. Враќање во хотел и вечера.

Петти ден 14.05.2024 (вторник)

Напуштање на хотелот по појадокот и заминување кон Фиренца. Разглед на Фиренца, слободно време за прошетка и заминување кон Пиза. Пристигнување во Пиза во попладневните часови. Разглед и слободно време за фотографирање. Патувањето продолжува кон Монте Катини. Сместување и вечера во хотел. Дискотека.

Шестти ден 15.05.2024 (среда)

После појадокот напуштање на хотелот и патување до Постојна. Разгледување на Постојнска Јама околу 2 часа. Патување кон Македонија со попатни паузи. Пристигнување во Кавадарци во утринските часови.

Ексурзијата се реализираше во најдобар ред. Сите ученици го почитуваа Кодексот на однесување и поминаа незаборавни денови во дружење, забава и запознавање на нови градови и култури.

### Гимназијалците во главните улоги во театарската претстава „Убавицата и ѕверот“ проект на Домот на културата

„Убавицата и ѕверот“ е француска бајка создадена во далечната 1740-та година, а до денес е објавена во голем број варијации. Овие бајка се прикажа како претстава и во Домот на културата во адаптација и режија на Микица Илова. Вонвременска бајка за

арогантниот принц кој скапо ќе ја плати својата суета преку клетвата да биде претворен во ѕвер и да го врати својот човечки облик само под силата на вистинската љубов. Постои ли девојка која би се заљубила во ѕвер додека истекува животното време и не падне и последниот лист од розата? Може ли човекот да ги помести своите граници, може ли да го смени своето однесување, може ли во ѕверската надворешност да се најде убавина и да се сака вистински?

Ѕверот мора да ја научи својата лекција, да го најде човечкиот однос кон луѓето, а девојката под влијание на своето образование, воспитание и невиност да погледне во неговата душа и да ја засака неговата внтарешност.

Ова е претстава за сите генерации, пораката која ја испраќа е безвременска. Се враќаме во детството и одново ја повторуваме големата лекција дека само со срцето најдобро се гледа, најважното е невидливо за очите.

Со оригинална костимографија, сценографија и одлична театарска игра, видовме претстава која е празник за очи и душа. Спојот на искуството на актерите од кавадаречкиот театар и младите гимназијалци Теона Јорданова IV-4, Александар Стојков II-7, Ристе Стојанов III-6, Елена Илова II-3, Јована Секуловска III-4, Арелена Гостимировиќ III-2, Ивана Секуловска I-2 и Атанас Димков III-6, кои блеснаа на сцената со совршена театарска игра ни овозможија несекојдневно искуство.

Режисерската палка на Микица Илова ги доведе сцените до перфекција. Монологот на ѕверот, танцот со убавицата, розата претставена преку девојка… Се будат емоциите и за момент преку силата на уметноста повторно го гледаме светот низ очите на Бел, низ хуморот на ликовите од замокот, низ вербата дека сепак победува доброто во луѓето. Силата на љубовта е најголемата моќ пред која исчезнува злото.

Кавадаречката сцена заслужи ваква професионалност, посветеност, дело кое ја доживеа својата премиера, ќе има многу репризи и вечно ќе остане запаметено како проект кој ги помести границите на театарот.

## Свечено доделување на наградите од Национален натпревар „Европски квиз на пари” за 2024 година

На 28 мај 2024 година во просториите на МБА се одржа свечено доделување на наградите за наградените ученици на Националниот натпревар „Европски квиз на пари”. Овој натпревар се реализираше за време на Европската недела на пари, во месец март, под мотото „Заштитете ги вашите пари – обезбедете ја вашата иднина!”.

Нашето училиште, со тимот составен од: Лара Росоманска и Елена Ризова, ученички во I-4 клас, под менторство на Лоска Давчева, професор по економски предмети, освои 3 (трето) место на овој Национален натпревар. Горди сме како училиште на освоеното 3 место и на постигнатиот успех.

Наградите на ученичките им беа врачени од Гувернерката на Народна банка на Република Северна Македонија, д-р Анита Ангеловска-Бежоска, претседателката на МБА, д-р Маја Стевкова-Штериева и претседателката на Комисијата за хартии од вредност, м-р Нора Алити.

## Велосипедска парада „Сите на велосипед”

Врз основа на програмата и календарот за работа на Општинскиот сојуз на училишниот спорт на Кавадарци со цел да се зголемат активностите и придобивките од спортското живеење кај младата популација на 30.05.2024 година беше одржана велосипедска парада на која што учество зедоа и наши ученици од I, II и III година под менторство на професорите по Спорт и спортски активности Блаже Велков, Блашко Клинчаров, Илија Шиков и Тимче Пецов.

## Здравствено воспитување

Во однос на грижата и здравјето на учениците, а согласно програмата „Образование за животни вештини“ на класните часови и на часовите од други наставни предмети се дискутираше и разговараше за теми поврзани со здравјето на луѓето, хигиената, превенција од заразни болести, здрава исхрана и сл.

Од страна на стручните соработници, Јасминка Ризова - педагог и Душанка Иванова - психолог, беше изготвен текст за дискусија на класните часови на тема: „Грип – превенција и лекување“.

## Санитарни прегледи за вработените

Како и претходните учебни години, и оваа година во месец март 2024 година се реализираа санитарните здравствено - хигиенски прегледи за сите вработени во училиштето.

## Систематски прегледи за учениците

Во периодот од 06.02.2024 година до 21.02.2024 година се реализираа задолжителните систематски прегледи за учениците од прва година. Според однапред изготвен распоред по датум, ден и паралелка, учениците го направија својот бесплатен и задолжителен систематски преглед. Учениците прегледот го реализираа во Службата за превентивна здравствена заштита на ученици и младинци во Кавадарци. Покрај редовниот преглед, со учениците е спроведена и здравствена едукација со актуелна здравствена проблематика.

## Состаноци

Како и претходните учебни години, така и оваа година се одржаа повеќе состаноци на ниво на училиште: Наставнички совети, совети на паралелките, состаноци со раководителите на паралелките, со претседателите на стручните активи, со менторите на проектните активности и содржините програмирани од училиштето, со стручната служба, со учениците, со ученичкиот парламент, со комисии за патронен празник, со комисии за државна матура, состаноци со предметни наставници кои се вклучени во разни проекти и сл.

Состаноците беа со различен дневен ред во зависност од периодот и активностите што произлегуваа и следуваа. Состаноците ги водеше раководниот орган на училиштето во присуство на помошник директорот и стручната служба.

## Минување на наставниот материјал

Наставниот материјал се минуваше редовно според годишните планирања и тематските планирања на наставниците по наставните планови и програми од страна на Бирото за развој на образованието. Направени се планираните повторувања, вежби, тестови на знаења и писмени работи. Реализирани се сите наставни содржини по сите наставни предмети.

## Реализација на Проектни активности и Содржини програмирани од училиштето

Од искажувањата на менторите на проектните активности и содржините програмирани од училиштето и од доставените извештаи, реализацијата на истите се спроведуваше согласно Планот и програмата. Учениците успешно ги спроведија своите активности, задачи и задолженија од страна на менторите.

## Матурска вечер

Како и секоја учебна година, па така и оваа година на 22 мај 2024 година во ресторан „Ангро – Палас" Кавадарци, се прослави четиригодишното школување на генерацијата матуранти 2020/2024 година. Вечерта беше исполнета со музика, играње, разговори, фотографирања и заедничко дружење на учениците и наставниците. Матурската помина убаво, забавно и без никакви забелешки. На матурската вечер присуствуваа директорката на училиштето, класните раководители на четврта година и дел од предметните наставници. Нашите матуранти прославија за нивниот вложен труд и успех во нашето училиште, за стекнатите пријателства и засите спомени што ги создадоа.

## Отворен ден на училиштето

Во месец јуни 2024 година тимот за промоција и маркетинг на училиштето со целосна поддршка на Јасмина Чулева – Директор на гимназијата, реализираше Отворен ден за сите деветтоодделенци од основните училишта.

Учениците имаа можност да се запознаат со наставниот план и програма за гимназиско и стручно образование, да ги видат просториите и условите за работа во нашето училиште и да погледнат презентација и краток филм подготвени од наши ученици под менторство на наши наставници од стручни активи.

## Изготвување едукативни и промотивни материјали

Во текот на првото полугодие беа изготвени следните материјали:

- Статистички извештаи за Државен завод за статистика Велес,
- Табеларни прегледи, статистички извештаи, анкети и прашалници за работата на училиштето за потребите на други институции, МОН, БРО, ДПИ, ЛС, ЦСОО, ДИЦ по однос на разни прашања,
- План за одржување дополнителна и додатна настава,
- Распоред за запишување на часовите во електронскиот дневник за дополнителна и додатна настава,

- План за ментори на проектни активности и содржини програмирани од училиштето,
- Распоред за запишување на часовите на проектни активности и содржини програмирани од училиштето,
- Распоред за запишување на часовите од изборните предмети во електронскиот дневник,
- Флаери за Кодексот на однесување на учениците,
- Флаери за интеграција на Еколошката програма,
- Куќен ред за наставници,
- Куќен ред за ученици,
- Протокол за начинот на користење на мобилните телефони на учениците и наставниците во училиштето,
- Извештај за Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот од првото тримесечје и првото полугодие во учебната 2023/2024 година,
- Покана за Патрониот празник на училиштето,
- Текст за работа на класен час на тема: „Свети Климент Охридски“,
- Текст за работа на класен час на тема: „Грип – превенција и лекување“,
- Текст за работа на класен час на тема: „10 Октомври – Светски ден на менталното здравје“,
- Текст за дискусија на класен час на тема: „Сида“,
- Флаери за термини и рокови за учениците од четврта година за полагање на Државна матура 2023/2024,
- Бошура за сајбер насилство,
- Пораки за другарството, пораки за екологијата,
- Филм „Роза на асфалтот“,
- Краток филм: „Насилството има ново лице – сајбер насилство,
- Пораки за позитивна и ненасилна комуникација,
- Работилници за одбележување значајни датуми (22 април...),
- Изложбени паноа по повод значајни датуми и актуелни теми,
- Презентации за одбележување на значајни датуми и актуелни теми.

**Неработни денови во текот на учебната година**

Во текот на учебната 2023/2024 година неработни денови беа следните денови:

- 08.09.2023 година (петок) Државен празник, Ден на независноста,
- 11.10.2023 година (среда) Државен празник, Ден на народното востание,
- 23.10.2023 година (понеделник) Државен празник, Ден на Македонската револуционерна борба,
- 13.11.2023 година (понеделник) Патронен празник на училиштето,
- 08.12.2023 година (петок) Државен празник „Свети Климент Охридски“,
- 10.04.2024 година (среда) Државен верски празник, Рамазан Бајрам,
- 24.04.2024 година (среда) Претседателски и Парламентарни избори,
- 29.04.2024 до 06.05.2024 година Пролетен одмор,
- 08.05.2024 година (среда) Претседателски и Парламентарни избори,
- 24.05.2024 година (петок) Државен празник, Ден на сесловенските просветители „Св.Кирил и Методиј“.

